РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
QEVERIA E REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT
SEKRETARIATI I LEGJISLACIONIT
Бр./Nr. 04-1624/18
28-04-2025 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24), секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување**
**на административен државен службеник**

1. За извршител на работното место Советник за сопственички и други стварни права на ствари во државна сопственост, Одделение за сопственички и други стварни права на ствари во државна сопственост, Сектор за финансиска политика, со шифра УПР0101В01000, со звање советник, во Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија, по Интерен оглас број 01/2025, со арх.бр. 04-1624/2 од 04.04.2025 година, од предложената ранг листа се избира кандидатот:
- **Билјана Димовска**

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на интернет страницата на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 07.04.2025 година на интернет страниците на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија и Агенцијата за администрација беше објавен интерен оглас број 01/2025, со арх.бр. 04-1624/2 од 04.04.2025 година, за пополнување на едно работно место со унапредување.

На ден 25.04.2025 година, Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение за формирање на Комисија за селекција за унапредување на административни државни службеници бр. 04-1624/7 од 11.04.2025 година, спроведе административна селекција, за што беше составен Записник од административната селекција за интерен оглас бр. 04-1624/16 од 25.04.2025 година, а потоа спроведе интервју во просториите на Агенцијата за администрација, на кое се јави кандидатот од точка 1 од оваа одлука. За спроведеното интервју е составен Записник од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради спроведување на интервју бр. 04-1624/17 од 25.04.2025 година, во чиј состав е и ранг листа на најдобро рангирани кандидати и истиот е доставен до секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

Врз основа на Записникот со Финална ранг листа за работното место Советник за сопственички и други стварни права на ствари во државна сопственост, со шифра УПР0101В01000, со звање советник, секретарот на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба до Агенцијата за администрација, во рок од осум дена од денот на објавувањето на одлуката на интернет страницата на Секретаријатот за законодавство на Владата на Република Северна Македонија.

СЕКРЕТАР НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ
ЗА ЗАКОНОДАВСТВО
д-р Оливера Нечовска

ДОСТАВЕНО ДО:

- Именуваниот
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Архива